Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-124/6
02-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-124/1 од 27.1.2023 година поднесена од [redacted] против ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола („**ЈУ МЦСР-Битола**"), за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 2.3.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа - Битола врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-124/1 од 27.1.2023 година од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа - Битола.

Согласно наводите од претставката, подносителката е административен службеник со претходно стекнато образование како дипломиран економист и магистер по економски науки. Од 1.9.2016 година, таа е вработена на работното место Помлад соработник за човечки ресурси во Службата за административни и помошно-технички работи во ЈУ МЦСР-Битола. Појаснува дека преку програмата Д10, од 5.3.2015 година е вработена во Министерството за труд и социјална политика („**МТСП**") како Помлад соработник за административно-оперативна поддршка и обработка на податоци од областа на еднаквите можности во Одделението за родова рамноправност, а веднаш потоа била прераспределена во ЈУ МЦСР-Битола.

Подносителката на претставката натаму истакнува дека има стаж од 7 години и 10 месеци како Помлад соработник, од кои 4 ипол години во Службата за права на парична помош, со што смета дека ги исполнува законските услови да биде унапредена во повисоко ниво. Наведува дека неколку години по ред се предвидува работно место за нејзино унапредување, но истото никако да се реализира, додека паралелно се реализираат други унапредувања и вработувања, за кои вели дека се по основ на партиска припадност.

Исто така истакнува дека веќе неколку години station наназад, а последните месеци и интензивно, со оглед на тоа што се ослободило работно место за Виш соработник за човекови ресурси заради отказ, бара од ЈУ МЦСР-Битола и од МТСП да и се овозможи унапредување, право кое е во согласност со член 48 од Законот за административни службеници. Во врска со нејзините барања и ургенции до овие две институции, сѐ уште нема добиено писмен одговор. Единствено и било усно посочено од страна на директорката на ЈУ МЦСР-Битола дека иако со планот за вработувања е предвидено тоа работно местото, сепак истото не е предвидено со систематизацијата и дека ќе биде предвидено во иднина. И покрај ова, подносителката на претставката вели дека истото ветување го има добиено повеќе пати изминативе години, кога и систематизацијата на работни места во установата се менувала на

неколку наврати. Истото смета дека било направено на нетранспарентен начин и исклучиво за тесен круг на вработени.

Последно, напоменува дека ЈУ МЦСР-Битола на 4.1.2023 година побарале ново вработување за Виш соработник за човечки ресурси, со Барање за финансиски средства бр. 04-35/1 доставено до МТСП. Притоа, во ЈУ МЦСР-Битола моментално има вработено 1 Виш соработник и 4 Помлади соработници за човечки ресурси. Ваквата фактичка ситуација подносителката на претставката ја коментира со тоа што вели дека наместо да се овозможи законското право на унапредување на Помлад соработник, кој по стаж, работен ангажман и стручни квалификации ги исполнува условите за тоа, установата бара сосема ново вработување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 1.2.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-124/2 до МТСП и Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-124/3 до ЈУ МЦСР-Битола. До изготвувањето на ова мислење, сѐ уште не беше пристигнат одговор од страна на МТСП.

На ден 10.2.2023 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од ЈУ МЦСР-Битола како одговор на претставката.

Во одговорот од ЈУ МЦСР-Битола велат дека за да се направи унапредување на било кое работно место, прво мора да се обезбеди место во систематизацијата, а воедно да се обезбедат и финансиски средства за истото место. Истакнуваат дека во наредниот период ќе биде подготвувана нова систематизација на работни места каде ќе биде предвидено и место за унапредување на административниот службеник [redacted] со звање Помлад соработник за човечки ресурси во Виш соработник за човечки ресурси. За истото велат дека ќе ја известат Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација.

Првенствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се повика на дефиницијата на поимот "работно место" содржана во член 5 точка 1 од Законот за административни службеници, кој гласи: „„работно место" е најмалата единица во организациската структура на институцијата која **во актот за систематизација е опишана** со ниво, општи и посебни услови, цели и работни задачи и други податоци од интерес за работното место". Дополнително, Комисијата ги ценеше и условите кои треба да бидат исполнети за унапредување на административен службеник. Имено, согласно член 48 став 4 од Законот за административни службеници, **доколку институцијата има добиено известување за обезбедени финансиски средства** согласно членот 30 став (5) од истиот закон, организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси, на веб страницата на институцијата и на Агенцијата, објавува интерен оглас и образец за пријава за унапредување. Од ова произлегува дека за унапредување на административен службеник, потребно е најпрво да се исполнети два услови. Прво, работното место на кое службеникот се унапредува да е предвидено со систематизацијата на односната институција и второ, за истото работно место да се обезбедени финансиски средства.

Земајќи го ова предвид, а со оглед на фактот што во систематизацијата на ЈУ МЦСР-Битола сѐ уште не е предвидено ново работно место за Виш соработник, а дополнително не се одобрени ниту финансиски средства за истото, унапредувањето на административниот службеник [redacted]

[redacted] не е возможно да се реализира во моменталната ситуација. Всушност, видно од доказите приложени кон претставката, ЈУ МЦСР-Битола веќе има доставено Барање за финансиски средства до МТСП со кое бараат да се одобрат финансиски средства за работното место Виш соработник за човечки ресурси. Дотолку повеќе, во ЈУ МЦСР-Битола не било реализирано унапредување на тоа работно место во секторот каде што е вработена подносителката на претставката, па Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да направи ниту споредба со друг вработен кој бил во слична ситуација како нејзе, а спротивно на нејзиниот случај, бил унапреден.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола.

Скопје
2.3.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа – Битола, нас. Карпош б.б., 7000 Битола